РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр. 08-850/5
28.11.2022 год.

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 44 седница одржана на 19.10.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Класична филологија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Класична филологија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран класичен филолог/во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor (Baccalaureus/Baccalaurea) Classical Philologist.

4. Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 604 Наука за јазик; 612 Наука за книжевноста; Научно – истражувачка област: 61222 Историја на старогрчката книжевност , 61223 Историја на римската книжевност , 64007 Класична филологија , 64012 Компаративна лингвистика, 64018 Граматика, семантика, семиотика, синтакса, 60205 Епиграфика: грчка и римска.

5. Број на студенти кои можат да бидат запишани во прва година на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 25 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02 - 711/14 од 23.06.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Класична филологија , прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08 - 1274/24 од 30.08.2022 година (наш бр. 08 - 850/1 од 02.09.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 42-та седницата одржана на 14.09.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 850/4 од 09.11.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 44 та седница одржана на 19.10.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова